# Д О Г О В О Р
## за поседување на дигитални сертификати

**Склучен во Скопје на ден __________________20____ година, помеѓу:**

1. **НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, застапувана од вицегувернерот д-р Фадил Бајрами со овластување бр.04-14/100-2006 од 20.03.2006 година, (во понатамошниот текст: Издавач на сертификат), и

2. ______________________________________________( име и презиме) , (во понатамошниот текст: Имател на сертификат)

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој договор Издавачот и Имателот ги утврдуваат меѓусебните односи за издавање и користење на дигитални сертификати.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ

**Член 2**

За да се здобие со дигитален сертификат, Имателот е должен да го пополни Формуларот за личните податоци и истиот да го достави до Издавачот.

Имателот е одговорен за точноста и целосноста на доставените податоци во Формуларот од став 1 на овој член.

Формуларот од став 1 на овој член е составен дел на овој договор.

**Член 3**

Имателот се согласува:

- дека електронскиот потпис е валиден при правна процедура за утврдување на интегритетот и неотповикливоста на податоците со кои истиот е поврзан, т.е дигиталното потпишување на било кој електронски податок има ист ефект како ставање своерачен потпис на документ на хартија;
- дека неговиот приватен клуч за потпис и клучот за декрипција, кои се асоцирани со сертификатот, можат да се користат само од имателот на сертификатот;
- да ги користи клучот за дигитален потпис и клучот за декрипција заедно со сертификатот само во согласнот со своите работни задачи поврзани со Издавачот.

– да врши дигитално потпишување и верификување на потпис на електронски податоци,
– да врши дигитална енкрипција и декрипција на електронските податоци, дека сертификатите се еднозначно и безусловно поврзани со јавните и тајните клучеви на имателот на сертификат;
– да го користи сертификатот при автентикација во компјутерската мрежа на Издавачот,
– да изврши проверка на валидноста на сертификатот при секоја активност поврзана со верификување на дигиталниот потпис или енкрипција со јавен клуч;
– да ја преземе одговорноста за чување на приватниот клуч во криптографски модул, локално на дискот на сопствениот компјутер или на дискета, со користење на безбедни системи и да води грижа истиот да не биде откриен, неавторизирано искористен, модифициран, изгубен или злоупотребен;
– веднаш, откако ќе открие или се посомнева, дека неговиот приватен клуч за потпис или клуч за декрипција е неавторизирано користен, променет или било како компромитиран, писмено да го извести Издавачот и да побара поништување на сертификатот;
– веднаш да го извести Издавачот во случај на губење на сертификатот;
– дека името и презимето и личната е-маил адреса можат да бидат вклучени во дигиталниот сертификат и публикувани од Издавачот;
– дека нема да извлекува и складира податоци од јавниот директориум, освен оние кои се потребни за остварување на функциите од инфраструктурата за јавен клуч;
– дека нема да го злоупотребува, копира и неавторизирано користи софтверот обезбеден од Издавачот на сертификатот;
– дека Издавачот може да го поништи дигиталниот сертификат, ако на било кој начин се злоупотребува или, ако на истиот му е загрозена безбедноста;
– во случај сертификатот да е издаден на организациона единица, уред или апликација , физичкото лице чии податоци се евидентирани во формуларот за добивање на лични податоци на имателот на сертификат, е согласно да води грижа и да се осигура, дека секое користење на сертификатот ќе биде од страна на авторизиран уред, апликација или овластено лице од организационата единица.

**Член 4**

Овој договор се смета за склучен само по добивање на согласност од индосантот, за лицето како имател на сертификатот.

**Член 5**

Имателот и индосантот имаат право со потпишано барање, во писмена или електронска форма, да бараат поништување на издаден дигитален сертификат.

Барањето од став 1 на овој член треба да содржи:

– точно идентификување на дигиталниот сертификат што треба да се поништи, со наведување на бројот и датумот на договорот за поседување на дигитални сертификати, и
– причината за поништување на дигиталниот сертификат.

**Член 6**

Договорните страни се должни да ја чуваат службената и деловната тајна без оглед на начинот на кој дошле до истите.

Обврската од став 1 на овој член ги обврзува договорните страни и 5 (пет) години по престанокот на работниот однос на Имателот кај индосантот, односно кај Издавачот на сертификатот.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

Дигиталните сертификати се издаваат во согласност со Правилникот за дигитални сертификати кој е составен дел на овој договор и е публикуван на Интернет страницата на Народна банка на Република Македонија.

Договорните страни се должни да се придржуваат кон одредбите на овој договор.

Издавачот може еднострано да го раскине договорот со истовремено известување на Имателот, доколку се утврди однесување на Имателот спротивно на условите на овој договор.

**Член 8**

Договорните страни се согласни евентуалните спорови да ги решаваат спогодбено, а во случај на спор ќе решава надлежен суд во Скопје.

**Член 9**

Овој договор е составен во 3 (три) еднакви примероци од кои по еден за Имателот на сертификатот, индостантот и Издавачот на сертификат.

| | |
|---|---|
| **Издавач на сертификат**<br>**Вицегувернер**<br>**д-р Фадил Бајрами** | **Имател на сертификат** |

Бр. ___________